Македонска берза на
хартии од вредност
АД Скопје

ADING
состојка на секоја градба
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11,
1060 Скопје, Р.Македонија; П.Фах 40; е-пошта: ading@ading.com.mk
- Управен менаџмент: Тел.:+389 2 2034 800, Факс:+389 2034 810
- Контрола на деловен систем: Тел.:+389 2 2034 806, Факс:+389 2034 810
- Финансии: Тел.:+389 2 2034 816, Факс:+389 2034 817
- Примена: Тел.:+389 2 2034 840, Факс:+389 2034 850
- Продажба: Тел.:+389 2 2034 820, Факс:+389 2034 821
- Институт: Тел.:+389 2 2034 860, Факс:+389 2034 850
- Набавки: Тел.:+389 2 2034 824, Факс:+389 2034 825
- Фабрика: Тел.:+389 2 2034 863, Факс:+389 2034 821

АРХ. БРОЈ: ДАТУМ: 27.07.2023

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2023-30.06.2023 ГОДИНА ЗА АДИНГ АД СКОПЈЕ-ПОЕДИНЕЧНИ ИЗВЕШТАИ

1. **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани извештаи:**

   -Во овој период нема промени во сметководствените политики.

2. **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат:**

   -Во овој период АДИНГ АД Скопје оствари вкупен приход во износ од 231.751 илјади денари кој е поголем од минатогодишниот за 24.855 илјади денари, односно зголемување за 12%. Во структурата на приходите најголем удел имаат приходите од продажба во износ од 229.419 илјади денари или 99% од вкупниот приход, од кои 58,8% се приходи од продажба на домашен пазар и 41,2% приходи од продажба на странски пазар. Извозот е реализиран во подолунаведените региони, а нивното учество во вкупниот извоз е: Србија 64,6%, Црна Гора 10,6%, БИХ 8,9%, Бугарија 8,6%, Косово 5,5% и останати 1,8%.

   -Во истиот период, остварени се вкупни расходи во износ од 202.658 илјади денари што претставува зголемување во однос на минатогодишните за 9.421 илјади денари, односно за 4,9%.

   -На крајот на овој период, остварен е позитивен финансиски резултат, односно Добивка пред оданочување во износ од 18.747 илјади денари, која е поголема за 53,9% во однос на минатогодишната добивка, која изнесуваше 12.183 илјади денари.

3. **Движењето на финансискиот резултат по квартали е следен:**

31.03.2023 = 8.149 илјади денари

30.06.2023 = 18.747 илјади денари( + 10.598 илјади денари во вториот квартал )

4. **Движење на вкупните приходи и расходи по квартали е следен:**

**I** квартал приходи = 96.227 илјади денари вкупни приходи

**I** квартал расходи = 90.677 илјади денари вкупни расходи

**II** квартал приходи = 135.524 илјади денари вкупни приходи

**II** квартал расходи = 111.981 илјади денари вкупни расходи

5. **Останати значајни финансиски податоци со 30.06.2023 година:**

-Во период на намалена градежна активност во земјата, нереализираните капитални инвестиции од државата,сеприсутниот проблем со ликвидноста кај компаниите и воената операција во Украина која ја поттикна инфлацијата, АДИНГ АД Скопје редовно ги подмирува своите обврски кон компаниите, вработените, акционерите, финансиските институции и државата. И покрај сето погоре наведено,успеавме да ја намалиме кредитната задолженост за 2.673 илјади денари.

-Капиталните инвестиции се во износ од 9.409 илјади денари.

-Залихите на готови производи се намалени за 10.346 илјади денари.

-Добивката пред оданочување во износ од 18.747 илјади денари е за 65,4% поголема од планираната во износ од 11.168 илјади денари.

6. **Проценка за влијанието на актуелните случувања врз идното финансиско работење:**

Во првиот квартал од 2023 година имаме натфрлање во остварувањето на планот во износ од 26,2%, односно по месеци, за јануари имаме остварување од 112,7%, во февруари од 108,7% и во март од 147,3% во однос на поединечните месечни планови.

Во вторио квартал од 2023 година, исто така имаме натфрлање во остварувањето на планот во износ од 21,3%, односно по месеци, за април имаме остварување од 99,6%, во мај од 127,8% и во јуни од 136,4% во однос на поединечните месечни планови.

Со доброто планирање и управување со залихите на репроматеријали и амбалажа, со значително зголемената реализација од планираната, со ублажување на трошоците за електрична енергија преку поставените фотоволтаични панели, со рационализација на трошоците успеавме да оствариме одличен финансиски резултат заклучно со вториот квартал.

Тоа навестува успешна 2023 година, но поточна проекција за тоа би имале по изминување и на третиот квартал.

Најавите за реализација на Договорот за Коридорите 8 и 10 може да биде за нас само уште еден плус, бидејќи нашиот производствен асортиман има квалитет за целосно задоволување на бараните критериуми.

Но, турбулентните времиња во кои живееме не предупредуваат да бидеме внимателни и спремни да реагираме на евентуалните непредвидливи ситуации до крајот на 2023 година.

27.7.23.

Деловен систем за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи
АДИНГ
АД
6
СКОПЈЕ